Уп. бр. 08-128

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво со регистрирано седиште на 30 Халкокондили ул.10432, Атина, Република Грција доставено преку адвокат Кристијан Поленак од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 03.10.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво со седиште на 30 Халкокондили ул.10432, Атина, Република Грција ќе стекне единствена контрола над друштвата Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л. со седиште на 15 Плоштад Шарл де Гол, 5-ти кат, Округ 1, Букурешт, Република Романија и ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л. со седиште на 4Б ул. Примаверии, кат 1, Решита, Округ Караш-Северин, Република Романија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.08.2024 до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено

известување за концентрација од страна на Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво со седиште на 30 Халкокондили ул.10432, Атина, Република Грција, со која на Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво ќе стекне единствена контрола над друштвата Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л. со седиште на 15 Плоштад Шарл де Гол, 5-ти кат, Округ 1, Букурешт, Република Романија и ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л. со седиште на 4Б ул. Примаверии, кат 1, Решита, Округ Караш-Северин, Република Романија, и индиректна контрола над друштвата: Овидиу Девелопмент С.А. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцаларија 1, Округ 1, Букурешт, Република Романија, Томис Тим С.А. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцаларија 2, Округ 1, Букурешт, Република Романија и М.В. Тим Инвест С.Р.Л. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцаларија 3, Округ 1, Букурешт, Република Романија

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво** е грчко акционерско друштво, јавно трговско друштво кое тргува на главниот пазар на Атинската берза и водечки производител и снабдувач на електрична енергија во Грција. Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво е владејачко друштво на Групацијата ППК.

Главните активности на Групацијата ППК опфаќаат производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во Грција и во Романија. ППК Групацијата е активна и во малопродажба на електрични апарати и електроника

Во Северна Македонија, Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво директно има едно регистрирано зависно друштво - Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје со адреса на Столтенбергова бр.4, зграда 1/Б5-1 1/кат СУ бр. 4, Центар, Скопје, Северна Македонија и регистрираната приоритетна дејност - трговија на електрична енергија.

**-Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л.** е холдинг друштво.

-**ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л.** работи со хидроенергетски систем кој вклучува четири микро-хидроцентрали и поврзана инфраструктура со вкупна инсталирана моќност од 21.984 MW во приемниот басен Ресита заедно со пловечкиот фотоволтаичен систем со вкупно инсталирана моќност од 0,99 MW и микрохидроцентрала Брезова 2 со вкупна инсталирана моќност од 0,367 MW.

**-Томис Тим С.А.**, **Овидиу Девелопмент С.А.** и **ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л.**, работат неколку постројки за производство на електрична енергија (ветерни, микро-хидро и фотонапонски електрани) со вкупен капацитет од приближно 629 MW. Нивните проекти за цевководи вклучуваат фотоволтаични единици за производство со проценет вкупен капацитет од околу 98 MW и систем за складирање на батерии, проценет на инсталирана моќност од 91,44 MW.

-**Томис Тим С.А.** и **Овидиу Девелопмент** моментално работат три ветерни електрани во комуните Фентенеле, Градина, Когеалац и Истра, во округот Констанца, Романија со вкупен капацитет од 600 MW, како што следува:

-Ветерна електрана и поврзана инфраструктура со вкупна инсталирана моќност од 252,5 MW развиени од Овидиу Девелопмент во комуните Фентенеле, Градина и Когеалак, округот Констанца, Романија, заедно со системот за складирање BESS од 2.525 MW;
-Ветерна електрана и поврзана инфраструктура со вкупна инсталирана моќност од 262,5 MW развиени од Томис Тим С.А. во комуните Фентенеле, Когеалак и Истра, округот Констанца, Романија заедно со системот за складирање BESS од 2.625 MW; и
-Ветерна електрана и поврзана инфраструктура со вкупна инсталирана моќност од 85 MW развиени од М.В. Тим Инвест С.Р.Л. во општината Фентенеле, округот Констанца, заедно со системот за складирање BESS од 0,85 MW.

-**М.В. Тим Инвест С.Р.Л.** е сопственик на еден од ветерните паркови кои се управувани од Томис Тим.

-**ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л.**, **Овидиу Девелопмент С.А.** и **Томис Тим С.А.** се исто така корисници на Шемата за поддршка на зелените сертификати (Green Certificates Support Scheme) што е во сила во Романија, воведена со цел да се поттикнат инвестициите во производството на електрична енергија од обновливи извори (електрична енергија од ОИЕ).

-**Томис Тим С.А.** и **Овидиу Девелопмент** развиваат два фотоволтаични проекти со проценет вкупен капацитет од околу 98 MW и систем за складирање батерии, проценет на 91,44 MW инсталирана моќност:

-Хибридна фотоволтаична електрана и поврзана инфраструктура со вкупен инсталиран капацитет од приближно 48,75 MW во општина Градина, округот Констанца;

-Хибридна фотоволтаична електрана и поврзана инфраструктура со вкупен инсталиран капацитет од приближно 48,75 MW во комуната Беидауд (Beidaud), округот Тулча(Tulcea);
-Систем за складирање BESS со вкупен инсталиран капацитет од приближно 91,44 MW во комуната Фентенеле, округот Констанца.

Целните друштва немаат регистрирани зависни друштва или подружници во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**